# WARRANTY CARD

Printed in Korea
GH68-51562F Rev.1.3
EU. 02/2023

SAMSUNG

# North Macedonian

## Ограничена гаранција на Samsung за модулите и дополнителната опрема

Назив на производот ______________________________

Модел ______________________________

Сериски број ______________________________

Датум на купување ______________________________

Број на сметка ______________________________

Продавница ______________________________

Адреса на продавницата ______________________________

Потпис / Печат на продавницата ______________________________

гарант:

Samsung Electronics Austria GmbH, Praterstrasse 31, A – 1020 Wien

**ИЗЈАВА**

Samsung Electronics Co., Ltd („Samsung") гарантира за овој модул или дополнителна опрема продадена со заштитниот знак на Samsung („Производ") за дефекти во материјалот и изработката на кое било лице коешто легално се стекнало со овој производ („Потрошувач") за периодот даден во табелата подолу. Сите барања кои ќе бидат регистрирани по истекот на овој период нема да бидат прифатени. Барање во текот на гаранцијата не го менува преостанатиот период на гаранцијата.

| Производ | Период на гаранција | Забелешка |
|---|---|---|
| Модули, како мрежни тврди дискови и часовници | 24 месеци | од датумот на првичната набавка |
| Bluetooth слушалки со микрофон, док-станици и други функционални уреди | 12 месеци | |
| Друго | 6 месеци | |

Samsung, по свое мислење, ќе ги поправи или замени таквите дефекти на производот бесплатно. Деловите за поправка или замена на производот на Samsung ќе бидат поставени врз основа на размена и ќе бидат или нови или поправени за да бидат функционални како нови. Гаранцијата во однос на поправениот или заменетиот дел ќе важи за преостанатиот период на гаранцијата. Сите оригинални делови заменети во текот на сервисирањето, ќе станат сопственост на Samsung, а новите или заменетите делови ќе станат сопственост на потрошувачот.

Оваа ограничена гаранција е важечка и во сила само во државата каде го купивте производот доколку Samsung го има наменето производот за продажба во таа држава.

## КАКО СЕ ДОБИВА УСЛУГА СОГЛАСНО ГАРАНЦИЈАТА

Доколку дојде до дефект на производот, потрошувачот ќе го направи следното, т.е. а) ќе провери во упатството за да го идентификува и по можност да го реши проблемот. б) Доколку проблемот не може да се реши преку насоките во упатството за корисникот, тогаш потрошувачот треба да контактира со застапникот каде што го купил производот или да ја посети локалната веб-страница на Samsung (www.samsung.com/support) за повеќе информации. в) Доколку е потребно, контактирајте со овластен сервисен или контактен центар на Samsung.

SAMSUNG корисничка подршка тел. 023207 777

(Клиентот ги покрива трошоците за локални разговори)

### ОВЛАСТЕНИ СЕРВИСНИ ЦЕНТРИ НА SAMSUNG

**ВИДЕО ДАТА СЕРВИСЕН ЦЕНТАР**

ул. Рузвелтова 72, 1000 Скопје

**МОБИКО**

Партизански Одреди 62, 1000 Скопје

## ИСКЛУЧОЦИ ОД ГАРАНЦИЈАТА

Нема да се смета дека овој производ има дефект во материјалите или изработката ако истиот бара прилагодување за да се усогласи со применливите државни или локални технички или безбедносни стандарди коишто се во сила во која било држава за којашто производот бил првично дизајниран и произведен.

Оваа гаранција не опфаќа и не предвидува обесштетување за такво прилагодување, ниту за какво било оштетување што може да произлезе од тоа.

Оваа гаранција не го опфаќа следното:

(а) Дефект на производот заради неправилна инсталација, измени или сервисирања изведени од лице коешто не е овластено од Samsung или употреба којашто не е усогласена со тековно важечките технички или безбедносни стандарди или неусогласеност со упатствата за ракување со производот, вклучително злоупотреба или погрешна употреба,

(б) Целиот софтвер што го обезбедува Samsung со овој производ, се доставува врз основа на „таков каков што е" и „ако е достапен" без каква било гаранција од Samsung, изречна или индиректна.

(в) Расипување на производот заради нормална амортизација и трошоците поврзани со транспорт, отстранување или инсталација на производот,

(г) Оштетување настанато од удар на гром, вода, оган, виша сила, војна, јавни нереди, несоодветна волтажа на напојувањето, неправилна вентилација, пренос, негрижа, нестабилност на струјата или снемување струја или прекумерно изложување на течности, влага, прашина или екстремни температурни или атмосферски услови или ненадејни промени во овие услови или од која било друга причина којашто Samsung не може да ја контролира,

(д) Производот се користел заедно со друг производ или делови, чие што користење заедно со овој производ не е одобрено од страна Samsung,

(ѓ) Како резултат на измени во конфигурацијата на испорачаниот производ (без оглед дали се работи за хардвер или софтвер) или дефект предизвикан од софтвер, апликација или напад со вирус од трети лица,

(е) Ако моделот, серискиот број или бројот на производот биле изменети, избришани или нечитки или без доказ за набавка (фискална сметка или фактура и сл.),

(ж) Загуба на информациите или податоците складирани во производот или загуби коишто се однесуваат на каков било Ваш бизнис, што предизвикало материјална штета или изгубена добивка.

* Бидејќи одредени лични поставки, преземања или други информации може да се избришат во текот на поправката или замената, потрошувачот е одговорен за направи резервна копија за нив или да ги заштити податоците на друг начин од губење, оштетување или уништување. Samsung нема да биде одговорен за предизвиканата загуба на какви било податоци.

(з) Хардвер или софтвер од трети лица коишто не биле продадени или спакувани со производот на Samsung,

(ѕ) Сите производи што не го носат заштитниот знак на Samsung, дури и ако се спакувани или продадени со производите на Samsung. Производите што не го носат заштитниот знак на Samsung се опфатени со гаранцијата што ја доставува производителот на производот - за повеќе детали за производот погледнете ги амбалажата и и техничката документација во прилог.

Услугите што ги овозможува Samsung за поправање на какви било штети или дефекти коишто се појавиле како резултат на која било од причините наведени како исклучоци од гаранцијата, ќе подлежат на дополнителни трошоци за работата, транспортот или за деловите. Повторната инсталација на оригиналниот софтвер подлежи на дополнителни трошоци.

ИЗВЕСТУВАЊЕ

ОВАА ГАРАНЦИЈА СО НИШТО НЕ ГО ИСКЛУЧУВА, НАМАЛУВА ИЛИ ОНЕВОЗМОЖУВА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗАКОНСКО ПРАВО КОЕ ЗА ПОТРОШУВАЧОТ ПРОИЗЛЕГУВА ОД ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВАПРИМЕНЛИВА СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА НАБАВКА НА ПРОИЗВОДОТ ИЛИ ПО КОЈ БИЛО ДРУГ ОСНОВ.

## Правилно отстранување во отпад



Ознаката на производот, опремата или литературата означуваат дека производот и неговите електронски додатоци (на пример, полнач, слушалки, USB-кабел) не треба да бидат отстранети со останатиот отпад од домаќинството.



Оваа ознака на батеријата, во упатството или на пакувањето означува дека батериите од овој производ не треба да се отстранат заедно со останатиот отпад од домаќинството на крајот од нивниот работен век.

За информации во врска со еколошките обврски на Samsung и регулативните обврски специфични за производот, на пр., REACH, WEEE или батерии, посетете ја нашата страница за одржливост на *www.samsung.com*.

SAMSUNG